20130882083

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012 и 16/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 10 мај 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА-АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011 и 138/2012), во член 2, во табелата со поднаслов - Пакети на здравствени услуги за максилофацијална хирургија, по услугата АМФХ8 се додава следната табела:

ПАКЕТИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА - МАЛА САЛА

Шифра	Назив на пакет	Референтна цена
АМФХ9	Хируршки интервенции при трауматски повреди на забите-вадење интрамаксиларна фиксација , оперативно вадење на жица - остеосинтеза	3.000
АМФХ10	Патолошки промени на кожа и меки ткива на глава и врат со екцизија или биопсија или ектирпација на хемангиом	2.400
АМФХ11	Вадење на камен од жлезда	2.450
АМФХ12	Неуроексхереза	2.200

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр.02-6210/7
10 мај 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.